ЈУ ЗАВОД ЗА СОЦИЈАЛНИ ДЕЈНОСТИ – СКОПЈЕ

# СТАНДАРД И ПРОЦЕДУРИ ЗА РАБОТА НА СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

Скопје, Јануари 2018

## Принципи

1. Родова перспектива и недискриминација;
2. Итност и должно внимание
3. Ефикасна заштита;
4. Почитување на интегритетот и достоинството
5. Одговорност и  професионалност во постапувањето
6. Должно внимание на правата, интересите и потребите на жртвата;
7. Тајност, доверливост при размена на податоците;
8. Сигурност, безбедност на жртвата и избегнување на дополнителна виктимизација;
9. Доброволност, партиципативност и согласност на жртвите за психо-социјална интервенција и третман
10. Координирано постапување

## СТАНДАРД
## ЗА РАБОТА НА СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

**Советувалиштето за жртви на семејно насилство располага со капацитети, процедури и програма за спроведување на советувалишната работа**

### Индикатори:

1) Советувалиштето има посебна просторија во која одговорните стручни лица ја реализираат советувалишната работа со жртвите на семејно насилство;
2) Психосоцијалната помош и поддршка на деца-жртви на семејно насилство, се реализира во соодветни просторни услови, прилагодени за работа со деца;
3) Стручните лица кои обезбедуваат психосоцијалната помош и поддршка на деца-жртви на семејно насилство, ги почитуваат обврските кои се уредени со *Законот за правда за децата (Петти дел) и Заедничкиот протокол за постапување во случај на злоупотреба и занемарување на деца, како и Процедури за постапување на Меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на насилство;*
4) Советувалиштето е пристапно за лица со телесна попреченост и пречки во движењето;
5) Советувалиштето има соодветна канцелариска, техничка, информатичка опрема и соодветни дидактички материјали за непречено спроведување на психо-социјална интервенција и третман (со возрасни и деца жртви на семејно насилство);
6) Советувалишните услуги ги даваат стручни лица од следните профили: психолог, социјален работник и педагог, кои имаат специјализирани обуки за работа со жртви на семејно насилство;
7) Советувалиштето кое обезбедува и психотерапевтски третман, има терапевт со најмалку 500 часа едукација во делот на психотерапија;
8) Жртвата на семејно насилство е информирана за начинот на работа и е согласна за психо-социјална интервенција и третман;
9) При советувалишната работа со жртвите е обезбедена атмосфера на сигурност, безбедност и неосудување;
10) Стручните лица ја евидентираат својата работа во соодветна и унифицирана евиденција и документација;
11) Советувалиштето за жртви на семејно насилство ги почитува обврските од *Протоколот за постапување за меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејното насилство* (упатување во ЦСР и испраќање извештаи);
12) Работата на советувалиштето е супервизирана, мониторирана и евалуирана;
13) Советувалиштето има Програма за работа со жртвите на семејно насилство;
14) Стручните лица во советувалиштето имаат континуирани обуки за работа со жртви на семејно насилство.

# ПРОЦЕДУРИ

# ЗА ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН НА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

## 1. Упатување

Пријавувањето-упатувањето во Советувалиште може да биде:

- Лично и самоиницијативно – од страна на жртвата на семејно насилство и
- Од Центар за социјална работа

## 2. Прием

При првиот прием на жртвата на семејно насилство која самоиницијативно се обраќа во советувалиштето, се врши проценка на степенот на ризик по животот и здравјето. При тоа се проценува потребата на лицето од психо-социјална интервенција и третман во рамките на советувалиштето и доколку е потребно се упатува во ЦСР / МВР / здравствена установа заради преземање на итни и неодложни мерки на помош и заштита.

Стручното лице во советувалиштето ја информира жртвата за правата, услугите и ресурсите за поддршка на жртвата на семејно насилство согласно Законот [1](здравствена услуга, право на придружник, права од социјална заштита, мерките за помош и заштита и друга потребна услуга).

Лицата кои се обраќаат со потреба за психо-социјална интервенција и третман, а не се во висок ризик по животот, здравјето и безбедноста се информираат за принципите, начинот на работа, целта и траењето на психо-социјална интервенција и третман.

Одлуката на жртвата да се вклучи во психо-социјалната интервенција и третманот, ја потврдува со изјава за согласност.

Кога жртва на семејно насилство е дете, стручните лица од советувалиштето задолжително го известуваат надлежниот центар за социјална работа или полицијата.

## 3. Проценка и планирање

**По приемот на жртвата се врши проценка на:**

1) Видот, интензитетот, времетраењето, начинот на извршување на насилството и последиците од истото;
2) Силите и изворите на поддршка на жртвата;

[1] Закон за превенција, спречување и заштита од семејно насилство („Службен весник на Република Македонија" бр.138/14, 33/15 и 150/15)

3) Капацитетите за справување со насилството;
4) Проценка на отпорноста и потенцијалите за промена;
5) Содржините на советувалишна работа согласно на моменталниот статус и безбедноста на жртвата

**Проценката завршува** со ***План за психо-социјална интервенција и третман*** во кој се дефинира целта на третманот и содржината на советувалишна работа, со определена динамика и рок и со учество и согласност од жртвата.

При изработка на Планот за психо-социјална интервенција и третман, стручните лица соработуваат со лицето–корисник на советувалишни услуги, а по потреба и со други лица од социјалната и семејната средина на жртвата (и други ресурси за поддршка).

## 4. Реализација и мониторирање на третманот

Советувалишната работа со лицето согласно дефинираните цели на психо-социјална интервенција и третман се насочува на зајакнување на жртвата и намалување на последиците од доживеаното насилство при што се избегнува секундарна виктимизација.

При реализација на советувалишниот третман стручното лицето кое го спроведува третманот е во постојана интеракција со жртвата, во континуитет ги следи резултатите од психо-социјалната интервенција и третманот, а по потреба ги редефинира целите на третманот во согласност со потребите на жртвата.

По проценка, третманот може да се прекине или пренасочи во други советувалишта, односно ресурси кои дават услуги на помош и заштита.

За резултатите од психо-социјална интервенција/третман на жртвата на семејно насилство, било по лично барање или упатена од центар за социјална работа, советувалиштето е должно еднаш месечно да достави извештај за текот и успешноста до надлежниот центар за социјална работа.

## 5. Евиденција и документација

Психо-социјалната интервенција и третманот со жртвите на советувалишни услуги се бележи во соодветни обрасци, и тоа:

### *Формулари пополнувани од корисникот*

1) Изјава за согласност за психо-социјална интервенција и третман

2) Изјава за согласност за давање податоци, согласно Законот за заштита на лични податоци

3) Прашалник за задоволство на корисникот од добиените советувалишни услуги и третман

***Листи за евиденција пополнувани од стручни лица од советувалиштето***

1) Табела за мониторирање на стандардот за психосоцијална интервенција и третман во советувалиште за жртви на семејно насилство
2) Лист за лице - жртва на семејно насилство
3) План за за психосоцијална интервенција и третман во советувалиште за жртви на семејно насилство
4) Лист за бележење на текот на советувалишната работа
5) Бележник на средби и работилници
6) Формат на Извештај за резултатите од третманот
7) Предлог - Групни правила

## 6. Мониторинг и евалуација

Исполнетоста на стандардите за работата на Советувалиштето за жртви на семејно насилство го врши Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности – Скопје.

Советувалиштето за својата работа на секои шест месеци го известува Националното координативно тело против семејно насилство, Националното координативно тело за заштита на деца од злоупотреба и занемарување и ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје.

# ПРИЛОЗИ

***Формулари пополнувани од корисникот:***

1. Изјава за согласност за давање податоци

2. Изјава за согласност за психосоцијална интервенција и третман во советувалиште за жртви на семејно насилство

3. Прашалник за текот на третманот, добиените услуги и постигнати резултати

***Листи за евиденција пополнувани од стручни лица од советувалиштето***

4. Табела за мониторирање на стандардот за психосоцијална интервенција и третман во советувалиште за жртви на семејно насилство

5. Лист за лице жртва на семејно насилство

6. План за за психосоцијална интервенција и третман во советувалиште за жртви на семејно насилство

7. Лист за бележење на текот на советувалишната работа

8. Бележник на средби и работилници

9. Формат на Извештај за резултатите од третманот

10. Предлог - Групни правила

## ИЗЈАВА ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ДАВАЊЕ ПОДАТОЦИ

Врз основа на Законот за заштита на лични податоци (Службен весник бр. 7/2005; 103/2008; 124/2010 и 135/2011) со ова ја изразувам мојата согласност за користење на моите лични податоци за евиденција на корисници по ризици и демографски обележја.

| Потпис на лицето кое дава изјава: | Име и презиме на стручен работник, кој ја зема изјавата**:** |
| --- | --- |
| ______________________________ | ______________________________ |

**Дата на пополнување**
на изјавата

/__/__/ /__/__/ /__/__/__/__/

**ИЗЈАВА**

**ЗА СОГЛАСНОСТ ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН**

**ВО СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО**

Од ________________________________________________________________,

со стан на ул. _____________________________ од _____________________

тел. за контакт: _______________________

Изјавувам дека своеволно се согласувам да добивам третман во советувалиштето за психо-социјална интервенција и третман, за мене и за членовите на моето семејство, кој ќе се состои од индивидуални и групни средби.

Се согласувам да соработувам со стручните лица во изготвувањето на планот за психо-социјална интервенција и третман со мене и членовите на моето семејство, како и во реализација на активностите предвидени со тој план.

Воедно изјавувам дека сум информиран/а за Правилата за однесување во група и кон истите ќе се придржувам.

Потпис на лицето кое дава изјава:

___________________________________

Име и презиме на стручно лице,

кој ја зема изјавата: _____________________________________

Дата на пополнување на изјавата /__/__ / /__/__/ /__/__/__/__/

**ПРАШАЛНИК**

**ЗА ТЕКОТ НА ТРЕТМАНОТ, ДОБИЕНИТЕ УСЛУГИ И ПОСТИГНАТИ РЕЗУЛТАТИ**

*Почитувани*

*Ве молиме да го дадете Вашето мислење за текот на третманот во Советувалиштето и за услугите кои ги добивте. Вашето мислење ќе ни помогне да го подобриме квалитетот на нашите услуги. Ви благодариме!*

Да се заокружи еден број пред понудените одговори.

**1.) Дали бевте вклучени во планирање на активности?**

1) Целосно бев вкучен/а
2) Делумно бев вклучен/а
3) Воопшто не бев вклучен/а

**2.)Колку добиениот третман Ви помогнал во надминување на состојбата?**

1) Третманот имаше голем удел во надминување на состојбата
2) Третманот делумно помогна во надминување на состојбата
3) Третманот воопшто не помогна во надминување на состојбата

**3.)Определите го задоволството од добиениот третман**

1) Многу сум задоволен/на
2) Задоволен/на сум
3) Ниту сум задоволен/на ниту сум незадоволемн/на
4) Незадоволен/на сум

**5.)Определите го задоволството од односот на стручното лице**

1) Многу сум задоволен/на
2) Задоволен/на сум
3) Ниту сум задоволен/на ниту сум незадоволемн/на
4) Незадоволен/на сум

**6.) Ваши сугестии, предлози и забелешки**

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Дата

------------------------------------------

# ТАБЕЛА ЗА МОНИТОРИРАЊЕ НА ИСПОЛНЕТОСТА НА СТАНДАРДОТ ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН ВО СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ЖРТВИ НА СЕМЕЈНО НАСИЛСТВО

| Индикатори за исполнетост на стандардот | Да | Не | Забелешки |
|---|---|---|---|
| **Простор и опрема** | | | |
| Советувалиштето има посебна просторија во која одговорните стручни лица ја реализираат советувалишната работа со жртвите на семејно насилство. | | | |
| Психосоцијалната помош и поддршка на деца-жртви на семејно насилство, се реализира во соодветни просторни услови прилагодени за работа со деца. | | | |
| Стручните лица кои обезбедуваат психосоцијалната помош и поддршка на деца-жртви на семејно насилство, ги почитуваат обврските кои се уредени со *Законот за правда за децата (Петти дел) и Заедничкиот протокол за постапување во случај на злоупотреба и занемарување на деца, како и Процедури за постапување на Меѓусекторскиот тим за заштита на деца жртви на насилство.* | | | |
| Советувалишето е пристапно за лица со телесна попреченост и пречки во движењето. | | | |
| Советувалиштето има соодветна канцелариска, техничка, информатичка опрема и соодветни дидактички материјали за непречено спроведување на психо-социјална интервенција и третман (со возрасни и деца) жртви на семејно насилство. | | | |
| **Кадри** | | | |
| Советувалишните услуги ги даваат стручни лица од следните профили: психолог, социјален работник и педагог, кои имаат специјализирани обуки за работа со жртви на семејно насилство. | | | |
| Советувалиштето кое обезбедува и психотерапевтски третман има терапевт со најмалку 500 часа едукација во делот на психотерапија. | | | |
| **Процедури** | | | |
| Жртвата на семејно насилство е информирана за начинот на работа и е согласна за психо-социјална интервенција и третман. | | | |
| При советувалишната работа со жртвите се обезбедува атмосфера на сигурност, безбедност и неосудување. | | | |
| Стручните лица ја евидентираат својата работа во соодветна и унифицирана евиденција и документација. | | | |
| Советувалиштето за жртви на семејно насилство ги почитува обврските од *Протоколот за постапување за меѓусебната соработка на надлежните институции и здруженија за заштита и спречување од семејното насилство* (упатување во ЦСР и испраќање извештаи). | | | |
| Работата на советувалиштето е супервизирана, мониторирана и евалуирана. | | | |
| **Програма за работа** | | | |
| Советувалиштето има Програма за работа со жртвите на семејно насилство. | | | |
| Стручните лица во советувалиштето имаат континуирани обуки за работа со жртви на семејно насилство. | | | |

## Лист за лице – жртва на семејно насилство

| | |
|---|---|
| **Дата**<br><br>(на прв прием) | |
| **Давател на услуга**<br><br>(организација) | |

**Дали за прв пат се пријавува насилството** (да се заокружи број)

| | |
|---|---|
| **1. Да** | **2. Не** (кој пат се јавува) |

**Пријавувањето – упатувањето во Советувалиште е** (да се заокружи број)

| | |
|---|---|
| 1. Самоиницијативно, од жртвата | 2. Од ЦСР |

### Податоци за жртвата

| | |
|---|---|
| Реден број | |
| Возраст | 1. 1-9<br>2. 10-17<br>3. 18-25<br>4. 26-33<br>5. 34-41<br>6. 42-48<br>7. 49-56<br>8. 57-64<br>9. 65-72<br>10. 73-80<br>11. Над 80 |
| Пол | 1. Женски 2. Машки |
| Етничка припадност | 1. Македонска<br>2. Албанска<br>3. Турска<br>4. Бошњачка<br>5. Ромска<br>6. Влашка<br>7. Српска<br>8. Друго<br>______________ |
| Место на живеење по лична карта | |

| | |
|---|---|
| Спственост на живеалиштето | |
| Моментна адреса | |
| Телефон за контакт | |
| Партнерски статус | 1. Мажена / женет<br>2. Немажена / неженет<br>3. Вонбрачна заедница<br>4. Вдовица / вдовец<br>5. Разведена / разведен |
| Образование | 1. Без образование<br>2. Незавршено образование<br>3. Основно<br>4. Средно<br>5. Висока стручна школа<br>6. Високо<br>7. Специјално основно<br>8. Специјално средно<br>9. Магистратура<br>10. Докторат |
| Работен статус на лицето-жртвата | 1. Вработено<br>2. Самовработено<br>3. Невработено<br>4. Ученик/студент<br>5. Пензионер<br>6. Лице со одземена деловна способност<br>7. Друго ___________________ |
| Деца/возраст/пол | |
| Сродство со сторителот на жртвата<br><br>(да се подвлече) | 1. Сопруг/сопруга<br>2. Поранешен/шна сопруг/сопруга<br>3. Вонбрачен/на партнер/партнерка<br>4. Мајка/ Татко<br>5. Свекор/Свекрва<br>6. Брат/ Сестра<br>1. Син/Ќерка<br>2. Друго_____________________ |

## Податоци за сторителот на насилството

| | |
|---|---|
| Шифра | |
| Возраст | 1. 1-9<br>2. 10-17<br>3. 18-25<br>4. 26-33<br>5. 34-41<br>6. 42-48<br>7. 49-56<br>8. 7-64<br>9. 65-72<br>10. 73-80<br>11. Над 80 |
| Пол | 1. Женски 2. Машки |
| | 1. Македонска<br>2. Албанска<br>6. Влашка<br>7. Српска |

| | | |
|---|---|---|
| Етничка припадност | 3. Турска<br>4. Бошњачка<br>5. Ромска | 8. Друго<br>---------------------------------------------- |

## Податоци за насилството

**Вид на насилство** ( да се заокружи еден или повеќе од понудените одговори)

- *телесно/физичко*
- *психичко*
- *сексуално*
- *економско*
- *демнење*
- *родово засновано насилство*

**Време на траење на насилството** ( да се заокружи еден од понудените одговори)

- *прв пат*
- *месеци*
- *години*

**Проценка на степен на ризик на жртвата** ( да се заокружи еден од понудените одговори)

- *низок*
- *среден*
- *висок*

**Препорака за итност на случајот** ( да се заокружи еден од понудените одговори)

- *да*
- *не*

## Податоци за услугата

**Услуга (** Психосоцијална интервенција, Психо-социјален третман , Терапевтски третман, друго:

(Образложение/проценка на потребите од услугата)

## ПЛАН ЗА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА – ТРЕТМАН

Име и презиме на лицето/корисник: ______________________________________________________

Дата на почеток на третманот /__/__ / /__/__/ /__/__/__/__/

Дата на завршување на третманот /_/_ / /_/_/ /_/_/_/_/

| *СОДРЖИНА НА ПСИХОСОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА – ТРЕТМАН* | | |
|---|---|---|
| ТЕМАТСКА ЕДИНИЦА | ДАТА НА ЗАПОЧНУВАЊЕ | ДАТА НА З АВРШУВАЊЕ |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |
| | | |

**ЛИСТ**

**за бележење на текот на советувалишната работа[2]**

**Работата ја реализира**:

_______________________________________________________________

*име и презиме / профил на стручно лице*

| Дата | Реализирани активности |
|---|---|
| | |

[2] Листот за бележење индивидуални средби со корисникот на советувалишни услуги е наменет за лесен и брз преглед на дневни / неделни / месечни активности на стручното лице во советувалиштето.

**БЕЛЕЖНИК НА СРЕДБИ И РАБОТИЛНИЦИ[3] ЗА СОВЕТУВАЛИШНА РАБОТА СО КОРИСНИК**

**Име и презиме на лицето:** _______________________________________________

| **Дата** | Вид на активности и преминети техники за работа |
|---|---|
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |

>>>

[3] Вид на активност/ применета техника, обработувана тема, соработливост, договорени активности со жртвата, белешки од индивидуални постигнувања во рамките на одработената активност

**ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД ТРЕТМАНОТ ВО

СОВЕТУВАЛИШТЕ ЗА ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ИНТЕРВЕНЦИЈА И ТРЕТМАН

*Во овој дел се даваат информации за мотивираноста, желбата за соработка, отвореноста и постигнувањата на лицето (жртвата на семејно насилство). Се елаборираат активностите предвидени со Планот за психосоцијална интервенција – третмап по однос на дефинираната цел на третманот, резултатите, редовноста во посетата на советувалишните сесии, и степенот на надминување на последиците од доживеаното насилство.*

**Дата**

**----------------------------**

______________________________

Стручно лице

# ГРУПНИ ПРАВИЛА

- Заедно ја договараме динамиката на средбите
- Доаѓаме на време на средбите
- Исклучуваме мобилни телефони за време на групната работа
- Ја почитуваме анонимноста и тајноста на податоците споделувани за време на групната работа во советувалиштето
- Почитуваме мислење на другите
- Избегнуваме меѓусебни навредливи и омаловажувачки коментари
- Користиме секоја можност за меѓусебна помош и поддршка
- Не го судиме мислењето на другите
- Не го толкуваме другиот
- Не очекуваме готови решенија, разговараме за опции, а изборот е индивидуален.